ЈАВНА УМЕТНОСТ

# ЗА ГРАФИТИТЕ ОД ПОИНАКОВ АГОЛ

Тоа е значењето на зборот графит според *Лексиконот на странски зборови и изрази*, но креаторите на графитите велат дека е тоа уметност на новото урбано општество.

Зборот "графит" потекнува од италијанскиот "graffito", а значи чкртање. Но со текот на времето значењето еволуирало, па денес ќе значи **јавно пишување** по ѕидовите и тоа слики, симболи или што било друго. Постојат два типа графити: насликани (или скапи) што најчесто се работат во тимови и напишани (или евтини) направени од поединци. За поимот "графити" кај нас има доволно пишувано за да знаеме кои се неговите историски и уметнички факти и вредности. Затоа овој текст нема да навлегува во историски вистини. Истражувајќи ја урбаната графит-уметност од разни аспекти и погледи, во неколку наврати кај разни автори на статии и книги за оваа култура сретнав **девет приоди кон потребата за пишување графити**. Ќе се обидам да направам сублимат од сите девет сведувајќи ги на неколку реченици поодделно бидејќи толку дозволува просторот.

**Девет приоди.**

1. Културен приод. Од културолошка гледна точка графитите се репрезент на специфична заедница или етничка група што ги изразува своите симболи и традиции од каде што потекнува по ѕидовите. Социолозите и антрополозите што се занимаваат со овој приод утврдиле дека она што е напишано/нацртано е став на заедницата, а не само на единката запишувач. Во седумдесеттите имало обиди да се проучат традициите и обичаите на емигрантските заедници преку графитите.

***графитите се слободни мисли***

2. Родов приод. Повеќе истражувачи пронашле разлики меѓу машките и женските творци на графити. Оние од понежниот пол се интерперсонални и затворени, додека кај машкиот род се истакнува его-доминантноста.

***графит: пишување, чкртање по ѕидовите и по фасадите на зградите,***

3. Лингвистички приод. Заснован врз јазикот што се користи во секој одделен графит и врз начинот на кој е екплоатиран тој. На пример, Мексиканците што живеат во Соединетите држави на сите јавни графити ги употребуваат иницијалите ц.с. (кон сафос) и со тоа ја заштитуваат својата оригиналност, својата заедница и местото од каде што емигрирале. Но, овој приод се користи само за текстуални ѕидни информации.

4. Фолклорен, традиционален, етнички приод. Ги разгледува графитите што се интересни или ретки, односно што носат со себе невидени карактеристики од поднебјето од каде што потекнуваат. Најчесто се плод на етнички групи што се раритетни во местото на живеење (графити со индијански мотиви во срцето на Њујорк).

5. Квантитативен приод. Се разгледува квантитативноста во одреден регион, населено место и се испитува тоа што довело до масовност или до отсуство на графитите. Некои истражувања довеле до заклучок дека со зголемената квантитативност се добило креативност и кај другите полиња на уметноста и обратно.

6. Естетски приод. Се грижи за квалитетот, инвентивноста на напишаното/насликаното. Естетиката не зависи само од вештината на авторот, влијаат многу други фактори: од условите во кои е создавано делото, од финансиските средства, слободата на просторот и слободата на изразување, од социополитички околности и др.

7. Мотивациски приод. Се надоврзува на претходниот. Во зависност од можноста за изразување, индивидуата е мотивирана да ги искаже своите идеи на ѕидот или на фасадата на зградите. Мотивацискиот приод најчесто зависи од социолошките услови во општеството.

8. Превентивен приод. Многу државни институции, политичари или загрижени граѓани се обидуваат да најдат начин да ги спречат графитите. Најчесто тоа се апсења во актот на создавање и деморализирање на авторите. Напротив, со зголемувањето на реперкусиите се зголемува појавата на обоени ѕидови по урбаните места.

9. Популаризација. Оваа категорија не е приод, туку поглед за застапеноста и ширењето на графитите во локални и во светски рамки. Се разгледуваат фактите за масовноста на оваа уметност и како да се "признае" таа. Се организираат трибини и се прават полемики во кои учество земаат луѓе од сите генерации и од најразлични профили.

***графитите се критика на општествените идеали што се докажале дека не се баш идеални.***

На крајот ќе завршиме со мислата на Абел и Бакли, кои во нивната книга потенцираат дека создавањето графити е психолошки феномен: **форма на комуникација што е и лична, но и ослободена од секојдневните социјални ограничувања што ја спречуваат единката да ги подели своите мисли.**

ГЕТО РУДИ

